**20250871918**

## СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на членот 75, ставови 1 и 2 од Уставот на Република Северна Македонија, претседателот на Република Северна Македонија и претседателот на Собранието на Република Северна Македонија издаваат

## У К А З
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА АВТОРСКОТО ПРАВО И СРОДНИТЕ ПРАВА

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за авторското право и сродните права,

што Собранието на Република Северна Македонија го донесе на седницата одржана на 22 април 2025 година.

Бр. 08-2361/1
22 април 2025 година
Скопје

Претседател на Република
Северна Македонија,
**Гордана Сиљановска-Давкова,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Северна Македонија,
**Африм Гаши,** с.р.

## ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА АВТОРСКОТО ПРАВО И СРОДНИТЕ ПРАВА

Член 1

Во Законот за авторското право и сродните права („Службен весник на Република Македонија" број 115/10, 140/10, 51/11, 147/13, 154/15 и 27/16), во член 12 во ставот (1) по зборот „науката“ се става запирка, а зборовите: „и уметноста“ се заменуваат со зборовите: „уметноста и новинарството.“.

Во став (2) во точката 10) сврзникот „и“ на крајот од реченицата се заменува со точка и запирка.

Во точката 11) точката на крајот од реченицата се заменува со сврзникот „и“.

По точката 11) се додава нова точка 12), која гласи:

„12) новинарско дело (новинарска содржина со посебни жанровски карактеристики, што се разликува од дневните вести и од другите медиумски информации со општ информативен карактер, како и текстуални, фотографски и аудиовизуелни прилози, кои се објавени како составен дел од новинарското дело или како посебни медиумски содржини).“.

Член 2

Во член 13 по ставот (2) се додава нов став (3), кој гласи:

„(3) Под составни делови на новинарско дело, во смисла на членот 12 став (2) точка 12) од овој закон, се сметаат насловот, придружната фотографија на насловот и воведниот дел на текстот, кој се нарекува глава (лид).“.

Член 3

Во член 52 по ставот (3) се додава нов став (4), кој гласи:

„(4) По исклучок од ставот (3) на овој член, во случај на јавно соопштување на наслов од напис, статија или друго слично дело, тој што јавно соопштува преку агрегирање на вести е должен со носителот на авторското дело да склучи договор за лиценцирање во кој се утврдуваат условите за преземање и дистрибуција на содржина преку интернет. Овој договор за лиценцирање вклучува утврдување на надоместок за авторското право и обврската на агрегаторот да презема само хиперлинк до содржината, насловот, фотографијата и логото на медиумот, не менувајќи го контекстот на оригиналната содржина.“.

Член 4

Овој закон влегува во сила осмиот ден по денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.